Bojan Marichikj
Digitally signed by Bojan Marichikj
Date: 2021.06.07 11:20:25 +02'00'

Република Северна Македонија
**Министерство за правда**
Сектор за општи работи

Бр. 05-1125/1
Скопје, 20.04.2021 година

Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 21.01.2021 година, **министерот за правда м-р Бојан Маричиќ** ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За јавна набавка на услуги**
**Одржување и сервисирање на УПС системи во објектот на Министерство за правда и ИТ центарот на Министерство за правда**

1.За потребите на Министерството за правда, потребно е да се спроведе постапка од мала вредност за јавна набавка на услуги и тоа: – Одржување и сервисирање на УПС системи во објектот на Министерство за правда и ИТ центарот на Министерство за правда.

1.1.Предмет (вид) на набавка: Одржување и сервисирање на УПС системи во објектот на Министерство за правда и ИТ центарот на Министерство за правда.

1.2. Предметот на набавка е делив на 2 (два) делови и тоа:

*ДЕЛ 1 - Набавка на услуга за одржување и сервисирање на уреди за непрекинато напојување УПС-и и набавка на батерии за УПС-и во објектот на Министерството за правда.*

***(Договорот за дел 1 ќе се склучи по спроведување на самата постапка)***

*ДЕЛ 2 - Набавка на услуга за одржување и сервисирање на уреди за непрекинато напојување УПС-и во ИТ центарот на Министерството за правда*

***(Договорот за дел 2 ќе се склучи по истекот на постоечкиот договор односно во месец Декември 2021 година)***

2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа Одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од** 420.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 75.600,00 денари или вкупната вредност со вклучено ДДВ во износ од 495.600,00 денари.
За Дел 1 – 300.000,00 денари без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 54.000,00 денари или вкупната вредност со вклучено ДДВ во износ од 354.000,00 денари
За Дел 2 – 120.000,00 денари без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 21.600,00 денари или вкупната вредност со вклучено ДДВ во износ од 141.600,00 денари

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерството за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 424, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

3. Начин и постапка за доделување на договорза јавна набавка
Постапката да се спроведе согласно **член 48**, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на **постапка за набвка од мала вредност**, за доделување на договор за јавна набавка на услуги со објавување на оглас со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која нема да заврши со спроведување на електронска аукција.
4. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно **член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена.**
5. Плаќањето ќе биде вирмански, во рок до 30 дена од доставувањето на месечна фактура.
6. Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на услуги.
7. За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира Комисија за јавна набавка во состав:
   - претседател на Комисијата: Ацо Живковски
   - членови: - Михајло Војтикив
     - Насер Ќамили

   - заменик претседател на комисија: Петар Мирковиќ
   - заменици членови: - Орхан Сулимани
     - Теута Бериша
8. Се задолжува Комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од **член 79** од Законот за јавните набавки.
9. За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.

10. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-270/1 од 26.01.2021 година на Министерството за правда потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги. Предмет на набавка е набавка на –


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Одржување и сервисирање на УПС системи во објектот на Министерство за правда и ИТ центарот на Министерство за правда.

За реализација на оваа набавка ќе се употребат средства во вкупен износ од 420.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 75.600,00 денари или вкупната вредност со вклучено ДДВ во износ од 495.600,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерството за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 424, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

Согласно на горенаведеното донесов Одлука како во диспозитивот.

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

**Министер за правда**
**м-р Бојан Маричиќ**

Подготвил: Марина Миновска, советник
Контролирал: Убавка Матевска Скаловска, Раководител на сектор


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification